РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-170/1
12-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријава со број 12-2831/1 од 22.10.2025 година, со наводи за сомневање за прекршување на член 8-а од Изборниот законик од страна на оперативниот директор на ----------------------------------------------, ---------------------------------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека во пријавениот случај не е постапено спротивно на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси поради што нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-2831/1 од 22.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 22.10.2025 година, до ДКСК е доставена пријава по која е оформен предмет со бр.12-2831/1 со наводи за сомневање за прекршување на член 8-а од Изборниот законик од страна на оперативниот директор на -----------------------------------------, ---------------------------, поради поведување на дисциплинска постапка против вработениот -------------------------, распореден на работно место -----------------------------------------, во изборен период на Локални избори 2025 година.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до -------------------. Постапувајќи по барањето на ДКСК, --------------- достави одговор со прилог документација.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на доставената документација, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 21.10.2025 година, по добивање на сознанија од Одделението за ---------------------------------, од страна на оперативниот директор на претпријатието, поднесен е Извештај за сторена дисциплинска неуредност заведен под бр.---------------, против давателот на јавна услуга ----------------------, распореден на работно место Помошник раководител на сектор за --------------------, за сторена повреда на работната дисциплина, работните задачи и угледот на институцијата, утврдена во член 37с, став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија, како непочитување на работното време, распоредот и користењето на работното време.

Извештајот за сторена дисциплинска неуредност, истиот ден му бил доставен на давателот на јавна услуга ----------------------------------, кој на ден 22.10.2025 година поднел Писмен одговор по добиениот Писмен Извештај за сторена дисциплинска неуредност заведен со бр.----------------.

По разгледување на Извештајот за сторена дисциплинска неуредност и писмениот одговор на давателот на јавната услуга --------------------, директорот на претпријатието на ден 27.10.2025 година, донел Решение за мирување на дисциплинската постапка против ------------------------- заведено со бр.---------------- согласно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, кој гласи:

„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резулататите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и Градот Скопје не може:

-„да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи".

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека дисциплинската постапка против ---------------------------- е ставена во мирување, па оттаму констатира дека во пријавениот случај не е постапено спротивно на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК констатира дека во пријавениот случај нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател
Адем Нучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, Член на ДКСК

